# ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 2/60
23.01 2020 год.
Скопје

## УСЛОВИ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ, ОДНОСНО КОРИСНИЦИТЕ НА БРОДОВИ И ЧАМЦИ НА МОТОРЕН ПОГОН ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТИ ПРИЧИНЕТИ НА ТРЕТИ ЛИЦА

Овие Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје** на својата редовна седница одржана на 23.01.2020 г

## Воведни одредби

Пооделно одредби во овие Услови значат:

1.Осигурувач-друштво за осигурување со кое е склучен договорот за осигурување;

2.Договорувач на осигурување-лице кое со осигурувачот склучило договор за осигурување;

3.Осигуреник-лице чиј материјален интерес е осигурен;

4.Осигурен случај-настан кој би можел да доведе до остварување на оштетно побарување од страна на оштетениот;

5.Корисник-сопственик на брод на моторен погон и сите лица кои имаат право на располагање;

6.Сума на осигурување-износ на кој е склучен договорот за осигурување;

7.Премија-износ кој договорувачот на осигурувањето го плаќа врз основа на договорот за осигурување;

8.Полиса-исправа за договорот за осигурување;

9.Брод на моторен погон-брод, чамец или јахта впишан во соодветниот регистар (односно странски записник за бродот) и регистриран за спорт, забава и стопанска дејност, а чија сила на моторот преминува 1,5 КЊ.

## Предмет на осигурување

### член 1

Согласно член 79 од Законот за осигурување (Сл.весник бр.13/2001) со овие Услови се осигурува граѓанската одговорност на сопственикот, односно корисникот на бродот или чамец на моторен погон со сила на моторот над 1.5 КЊ запишан и регистриран во бродскиот регистар за деловни цели, спорт и разонода, а за штети што може да ги причини на трети лица и патници поради смрт, телесна повреда и нарушување на здравјето, уништување или оштетување на предмети, освен од одговорност за штети на предмети примени на транспорт.

Осигурувањето од став 1 на овој член е задолжително и ќе се врши при регистрација, односно при продолжување на регистрацијата на бродот односно чамецот на моторен погон.

## Обем на покритие

член 2

(1) Осигурувачот е во обврска да ја надомести штетата за која постои одговорност на сопственикот, односно корисникот на брод или чамец на моторен погон со јачина над 1.5 КЊ ќе ја причини на трето лице.

(2) Висината на надоместот за претрпената штета е утврдена во член 79 точка 4 во измените на Законот за осигурување (Сл.весник број 13/2001 на Република Македонија).

(3) Сумата на осигурување на која е склучен договорот за осигурување, е искажана во полисата за осигурување, и претставува горната граница на обврска на осигурувачот за сите давачки по еден осигурен случај независно од бројот на оштетените лица и не може да биде помала од најнискиот законски лимит.

(4) Повеќе временски поврзани штети претставуваат еден случај ако штетите резултираат од еден осигурен случај.

(5) Оштетеното лице има право барањето за надомест на штета да го истакне директно до осигурувачот.

(6) Осигурувачот не може, према оштетеното лице, да истакне приговор што врз основа на закон или договорот за осигурување би можело да го истакне спрема сопственикот, односно корисникот на бродот или чамец на моторен погон.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОСИГУРУВАЊЕ

член 3

Согласно овие Услови не се сметаат за трети лица и немаат право на надомест на штета:

-договорувачот на осигурување;
-сопственикот, сосопственикот, корисникот и секој друг имател на брод, моторен погон и во случаите кога во моментот на незгодата не управувале со бродот, односно чамецот на моторен погон.

член 4

(1)Осигурувачот не е во обврска да ги надомести оштетните побарувања кои:

-според склучениот договор за осигурување ја надминуваат сумата на осигурување на која е склучен договорот за осигурување и законските лимити.
-резултираат од штети предизвикани при војна, граѓанска војна, револуција, бунт, востание или граѓански немири кои настануваат при таков настан, од мини, торпеда, бомби, или друго воено оружје, од заробување, запленување, ограничување или задржување и последиците од тие настани или обид да се изврши саботажа или тероризам од политички причини како и граѓански немири, насилство или други слични настани, конфискација, реквизиција или останати слични мерки кои ги спроведуваат или е со намера да ги спроведе некоја власт или друга слична организација која се бори за власт или ја има власта.

(2) Ако во моментот на настанувањето на осигурениот случај минимално пропишаната сума на осигурување од страна на Владата на Република Македонија е поголема од сумата на осигурување на која е склучен договорот, ќе се смета дека договорот е склучен на таа сума на осигурување.
(3)Ако од еден осигурен случај има повеќе оштетени лица и вкупниот надомест на штета ја надминува релевантната сума на осигурување, правата на оштетените лица, спрема друштвото за осигурување, сразмерно се намалуваат.

член 5

Ако посебно не се договори од осигурителното покритие е исклучено оштетно побарување:

-кое настанало за време додека бродот или чамецот на моторен погон бил мобилизиран или реквириран од страна на власта и тоа од моментот на пристигнувањето на првото одредиште до моментот на превземање на бродот или чамецот на моторен погон;
-кое настанало додека бродот или чамецот на моторен погон учествувал во натпревар (приредба) за постигнување на најголема брзина или најголема процесна брзина, односно при подготвување на такви приредби.

## ГУБЕЊЕ НА ПРАВОТО НА ОСИГУРУВАЊЕ

член 6

(1)Осигуреникот го губи правото на осигурување ако:

-овозможи со бродот или чамецот на моторен погон да се превезуваат лица на место кое не е определено за превоз на лица, за барањата кои тие лица ги поставиле;

-до штетниот настан дојде поради преоптоварување на бродот или чамецот на моторен погон;

-со бродот или чамецот на моторен погон управувало лице без соодветна дозвола за управување;

-лицето кое управувало со бродот, односно чамецот на моторен погон, во моментот на штетниот настан, било под дејство на алкохол, дрога или наркотици.

Се смета дека лицето е под дејство на алкохол ако:

-со анализа на крвта или друг метод на мерење на количеството на алкохолот во организмот се утврди дека учеството на алкохолот во крвта изнесува повеќе од 0.5%;
-по штетниот настан одбило да се подвргне на испитување на алкохолизираноста.

(2)Осигуреникот не ги губи правата од претходните одредби на овој член ако:

-докаже дека не е виновен за постоењето на околностите кои го исклучуваат од осигурителното покритие, и

-докаже дека штетниот настан не е во причинска врска со фактот дека лицето управувало со брод или чамецот на моторен погон во моментот на сообраќајната незгода било под дејство на алкохол, дрога, наркотици.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ

член 7

(1)Осигуреникот е во обврска, според своите можности, да му помогне на осигурувачот во утврдување на одговорноста.Од тој аспект е должен да даде вистинити и целосни податоци за настанувањето на штетнот настан.

(2)Ако против осигуреникот или лицето за кое тој одговара е поставено оштетно побарување, поднесена тужба за надомест на штета или е ставен предлог за обезбедување на докази, во обврска е, без одлагање, за тоа да го извести осигурувачот и да му ги достави сите документи кои ги содржи соодветното барање.
(3)Осигуреникот е во обврска водењето на парницата да му го препушти на осигурувачот.
(4)Осигуреникот е во обврска оштетните побарувања, истакнати против него, да му ги препушти на осигурувачот. Осигуреникот нема право оштетните барања истакнати против него да ги одбие или да ги признае без согласност на осигурувачот.
(5)Договорувачот на осигурување, односно осигуреникот е должен сите известувања кои ги доставува на осигурувачот писмено да ги потврди, а особено промена на име, називот и адресата.

(6)Повреда на обврските од овој член ќе има за последица намалување на обврските на осигурувачот за толку колкава е настанатата штета причинета поради таа повреда.

## Обврски на осигурувачот

член 8

(1)Осигурувачот е должен во рок од 30 дена да ги подмири сите оправдани побарувања на оштетените лица за кои постои одговорност на осигуреникот, но најмногу до осигурената сума и да води грижа за заштита на осигуреникот од неосновани и претерани оштетни побарувања.

(2)Ако осигурувачот ја повреди оваа обврска должен е на осигуреникот да му ја надомести претрпената штета.

(3)Осигурувачот е овластен, во име на осигуреникот, да дава изјави, кои според неговото мислење, се потребни заради надомест на штетата или поради заштита од неосновани и претерани барања.

(4)Трошоците за одбрана на осигуреникот, во казнената постапка, ги надоместува осигурувачот само во случај кога пристанал да ангажира бранител, т.е се согласил за надоместување на тие трошоци.

(5)Трошоците од граѓанската постапка осигурувачот ги надоместува ако постапката ја водел осигуреникот во согласност со осигурувачот и ако осигуреникот бил застапуван од лице што го одредил осигурувачот.Овие трошоци се надоместуваат во полн износ независно од висината на сумата на осигурување.

## ТЕРИТОРИЈАЛНА ВАЖНОСТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

член 9

Осигурителното покритие се однесува на пловење по внатрешни води на Република Македонија, ако поинаку не е договорено.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОСИГУРИТЕЛНОТО ПОКРИТИЕ

член 10

(1)Обврската на осигурувачот од договорот за осигурување започнува по истекот на 24от час од денот кој во полисата за осигурување е наведен како почеток на осигурувањето, ако до тој ден е платена премијата, односно по истекот на 24-от час од денот кога е платена премијата, ако не е поинаку договорено.

(2)Обврската на осигурувачот престанува по истекот на 24-от час од денот кој во полисата за осигурување е наведен како ден на истек на осигурувањето.

## РЕГРЕС НА ОСИГУРУВАЧОТ

член 11

Во сите случаи кога осигуреникот го изгубил правото од осигурурвање, осигурувачот, по извршената исплата на оштетеното лице, се стекнува со право на регрес спрема лицето одговорно за штета и тоа за исплатениот износ на надоместокот, каматата и трошоците.

## УТВРДУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

член 12

Осигурувачот, со Тарифата усвоена од Управен Одбор, ја утврдува бруто премијата за осигурување на сопствениците, односно корисниците на бродови и чамци на моторен погон предизвикани од трети лица.

Првата или еднократната премија договорувачот, односно осигуреникот ја плаќа при примањето на полисата за секој осигурителен период ако поинаку не е договорено.

## ВРАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

член 13

(1)Во случај на уништување или одјавување на бродот или чамецот на моторен погон осигурувачот е во обврска, на барање на договорувачот, да му го врати неискористениот дел од премијата намален за трошоците за спроведување на осигрувањето, и тоа од денот на примањето на откажувањето на осигурувањето, ако до тогаш не се остварил осигурен случај.

(2)При пресметување на неискористениот дел од премијата според претходниот став, се применува премискиот систем про рата темпорис.

## ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНИКОТ НА БРОДОТ НА МОТОРЕН ПОГОН

член 14

Ако за време на траењето на осигурувањето се промени сопственикот, односно корисникот на бродот или чамецот на моторен погон, премијата за неискористеното време да се врати на осигуреникот, а новиот сопственик т.е осигуреник ќе склучи нов Договор за осигурување за период од една година и ќе плати премија по новиот Договор.

## ПИСМЕНА ФОРМА

член 15

(1)Договорот за осигурување е во важност само ако врз основа на него се издаде полиса за осигурување.

(2)Сите извештаи и изјави, кои се даваат врз основа на договорот за осигурување мора да бидат дадени во писмена форма.

**НАДЛЕЖНОСТИ ВО СЛУЧАЈ НА СПОР**

член 16

(1) Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

(2)Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

(3)Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

член 17

Овие Услови стапуваат во сила на денот на донесувањето

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**

**Марко Микиќ**